Врз основа на член 480 став 3 од Законот за трговските друштва Одборот на директори на ОКТА АД-Скопје до Собранието на акционери поднесува

## ИЗВЕШТАЈ
## За работата на Одборот на директори на ОКТА во 2013 година

I.
Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД-Скопје има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.

Одборот во текот на 2013 година одржа 11 состаноци и донесе 34 одлуки и 2 заклучока.

Со Одлука на 126-от состанок на Одборот на директори одржан на 06.06.2013 година г-дин Виктор Папаконстантиноу и Тхеодора Пападимитроу беа избрани за вршители на должност член на Одборот на директори, а по дадените оставки на г-дата Константинос Карахалиос и Андреас Катсаникос. На истиот состанок г-дин Виктор Папаконстантиноу беше избран за Главен извршен директор на Друштвото . Акционерите го потврдија изборот на членовите на 23-то Собрание одржано на 01.08.2013 година.

II.
На одржаните седници Одборот на директори ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања.
Во текот на 2013 година на состаноците на Одборот присуствуваа раководни лица по соодветна функција со цел да ги образложат извештаите и материјалите доставени за состаноците. По принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите за состаноците и за сите значајни прашања.
Сите членови на Одборот активно учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото заедно во 2013 година.
На состанокот од 30.01.2014 година Одборот го разгледа Бизнис планот на ОКТА за период од 2014 до 2018 година, при што е констатирано дека истиот е издржан со јасно дефинирани цели на сите нивоа на раководење, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на Друштвото.

III.

Одборот на директори согласно член 415-в од Законот за измени и дополнувања на Законот за трговските друштва го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија како независна организациона единица поднесе и Годишен извештај за својата работа за 2013 година на состанокот одржан на 25.02.2014 година.
Одборот на директори е на мислење дека Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план за работа за 2013 година. На состанокот одржан на 25.02.2014 година Одборот донесе Одлука за одобрување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија.
Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2013 година е прилог документите кои се доставуваат на увид на Собранието на акционери на ОКТА, што ќе се одржи на ден 22.05.2014 година.
Одборот согласно член 415-б од Законот за измени и дополнувања на Законот за трговските друштва го разгледа Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2014 година и го одобри.

IV.

Согласно член 480 став 2 од Законот за трговските друштва Одборот одржа состанок на 25.02.2014 година на која се разгледаа финансиските извештаи за годината која заврши на 31 декември 2013 година со Извештаите за извршената ревизија и Мислењата доставени од страна на независните ревизори.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Македонија.

Според Мислењето на независните ревизори финансиските извештаи на ОКТА АД - Скопје за годината која заврши на 31 декември 2013 година, се подготвени во сите материјални аспекти, во согласност со сметоводствената регулатива на Република Македонија.

Исто така со Финансиските извештаи Одборот на директори ги разгледа и Годишната сметка на Друштвото за 2013 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2013 година и предлог-одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка на Друштвото за 2013 година и му предлага на Собранието на акционери на ОКТА, на Годишното Генерално Собрание што ќе се одржи на 22.05.2014 година да донесе одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат истите.
V.

Работењето на Одборот на директори во текот на 2013 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД-Скопје.

25.02.2014 година ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ